# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 11

## 02.05.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 02.05. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од Продолжението на 44. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на Продолжението на 44. Седница одржана на **29.04. 2025 година** и тоа:

1. Одлука за согласност на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 г;
2. Одлука за согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2025 г.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-1104 /1**
**02. 05. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 208 и 210/24), Советот на Општина Делчево, на Продолжението на 44. Седница, одржана на ден 29. 04. 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за согласност на Годишниот план за вработување**
**на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година**

1. Советот на Општина Делчево, дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2025 година, архивски бр. 0403-302/3 од 20.08.2024 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на ОпштинаДелчево“.

**Број 09-1081/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 04. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

2.Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/2019 , 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/24 и 202/24), Советот на Општина Делчево на Продолжението на 44 Седница, одржано на ден 29. 04. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево, дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2025 година, архивски број 19-756/1 од 25.03.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1082/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 04.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**